USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС




# РАНГИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

## СПОРЕД АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

# РАНГИРАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

## СПОРЕД АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Скопје, март 2024 год.

**Рангирање на институциите според антикорупциските перформанси во јавните набавки**

**Издавач:**
Центар за граѓански комуникации

**Лектура:**
Татјана Б. Ефтимоска

**Ликовно-графичко обликување:**
Бригада дизајн

**Печати:**
Бригада дизајн

**Тираж:**
200 примероци

Бесплатен/некомерцијален тираж

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

343.352:35.073.53]:354(497.7)(047.31)

343.352:35.073.53]:352(497.7)(047.31)

РАНГИРАЊЕ на институциите според антикорупциските перформанси во јавните набавки. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2024. - 52 стр. : табели ; 20х20 см

ISBN 978-608-4974-32-1

а) Антикорупција -- Јавни набавки -- Министерства -- Рангирање -- Македонија -- Истражувања б) Антикорупција -- Јавни набавки -- Локална самоуправа -- Рангирање -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 63698437

Оваа публикација е подготвена од Центарот за граѓански комуникации со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината и мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или на Владата на САД.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД И МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ....4

АНАЛИЗА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА МИНИСТЕРСТВАТА....6

АНАЛИЗА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ....22

СПИСОК НА ИНДИКАТОРИ ЗА ОЦЕНКА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ....47

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОШКИ НАПОМЕНИ

Вредноста на јавните набавки во Република Северна Македонија учествува во Буџетот на државата со 24 %, а во бруто домашниот производ со 8 %. Јавните набавки, чија вредност на годишно ниво надминува 1 милијарда евра, се особено подложни на корупција. За намалување на можностите за корупција во оваа сфера, потребно е да се преземат дополнителни напори, како на системско, така и на институционално ниво.

На системско ниво потребно е јакнење на антикорупциските напори на сите надлежни институции и органи за откривање и санкционирање на корупцијата, и тоа почнувајќи од Бирото за јавни набавки и Државната комисија за жалби по јавни набавки, преку Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државниот завод за ревизија, до Државната комисија за спречување на корупцијата и до правосудството.

На институционално ниво, пак, потребно е на мерлив и одржлив начин да се проценува способноста на самите институции да ја спречуваат корупцијата при спроведувањето на јавните набавки. Институциите ја имаат примарната одговорност за законито спроведување на тендерите и за ефективно и ефикасно трошење на јавните пари преку постапките за јавни набавки.

За да се овозможи ова, развиен е овој инструмент за мерење на антикорупциските перформанси на институциите во јавните набавки, којшто се заснова врз 32 индикатори што овозможуваат објективна проценка на институционалните и на оперативните капацитети на институциите во сите фази од јавните набавки, односно во пред-тендерската, тендерската и пост-тендерската фаза.

Пред-тендерската фаза опфаќа индикатори што се однесуваат на кадровските капацитети на институцијата да ги спроведува јавните набавки, на примената на соодветни внатрешни политики и процедури, како и индикатори што се однесуваат на мерење на антикорупциските перформанси во планирањето на јавните набавки.

Тендерската фаза опфаќа индикатори што се однесуваат на начинот на којшто се спроведуваат постапките за јавни набавки, почнувајќи од тендерските документи што се користат, преку конкуренцијата која е овозможена, концентрацијата на понудувачите, склучените договори со еден понудувач, склучените договори во нетранспарентни постапки, добиените жалби од учесниците итн.

Пост-тендерската фаза опфаќа индикатори што се однесуваат на воспоставениот систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки, на доследната примена на овие договори и на овозможената транспарентност. Детален приказ на 32–та индикатори за мерење на антикорупциските перформанси во јавните набавки е даден на крајот од оваа анализа.

Изборот на финалните индикатори според коишто се направени оценката и рангирањето на институциите според антикорупциските перформанси при спроведувањето на јавните набавки е направен според:

- проценка на релевантноста, актуелноста и издржаноста на досегашните индикатори што ги користи ЦГК;
- сознанијата за новите потреби и мерења на корупцијата во јавните набавки;
- истражување на сличните вакви мерења во другите земји од светот.

За секој индикатор се определени: назив на индикаторот, очекувани можни одговори, извор на информацијата за вредноста на индикаторот, определување на коефициентите и тежината за бодување и можните бодови.

За секој од 32-та индикатори може максимално да се добијат 2 бода, што значи дека вкупен број бодови што може да го освои една институција е 64, што е 100 %.

Откако се бодувани, институциите се рангирани според освоените проценти, во три категории – според принципот на семафор, односно црвено, жолто и зелено, за полесно и поедноставно разбирање од пошироката публика и до граѓаните.

**Рангирање на институциите според антикорупциските перформанси во јавните набавки е направен на следниот начин:**

| | |
|---|---|
| 0% до 50 % | НИСКО НИВО |
| 50% до 80 % | СРЕДНО НИВО |
| 80% до 100 % | ВИСОКО НИВО |

Во однос на рангирањето, ниското ниво не мора по секоја цена да значи корупција во јавните набавки на таа институција, туку дека се преземаат недоволни мерки за заштита од корупција, што укажува на недостиг од ефикасност и потенцијал за корупција.

Индикаторите се пресметани за 100 институции од централната и од локалната власт, односно за Владата, министерствата, владините секретаријати, како и за сите единици на локалната самоуправа. Пресметката на индикаторите е направена врз основа на обработка и анализа на релевантните податоци за сите 5.138 постапки за јавни набавки спроведени од вклучените институции во 2022 година, во вредност од 17,4 милијарди денари (283 милиони евра), а дел од податоците се добиени од самите институции преку барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Направената анализа кореспондира и со барањата на Европската Унија од нашата земја, со оглед на тоа што во последниот Извештај за земјата на Европската комисија е оценето дека „националните органи треба да воведат поефикасни антикорупциски мерки во циклусот на набавки“.

# АНАЛИЗА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА МИНИСТЕРСТВАТА

**Ниту едно министерство не ги спроведува јавните набавки со високо ниво на заштита од корупција. Владата, нејзините секретаријати[1] и министерствата имаат едвај средно ниво на антикорупциските перформанси во јавните набавки и просечно исполнуваат само 57 % од можните 100 %. Најголема изложеност на корупција имаат Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.**

Рангирањето направено врз основа на 32 индикатори за антикорупциски перформанси во јавните набавки овозможува институциите да се најдат на едно од трите нивоа – високо, средно или ниско ниво на заштита. Длабинската анализа покажа дека четири министерства се во црвената зона, односно дека се со ниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси со освоените поени за начинот на којшто ги спроведуваат јавните набавки под 50 %. Останатите владини институции, пак, се во жолтата зона, со средно ниво на исполнување од 50 % до 80 %.

**Рангирање на Владата и министерствата според антикорупциските перформанси во јавните набавки**




Најниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки е утврдена кај Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи, со исполнување само на 39 % од можните 100 %. Потоа следува Министерството за животна средина и просторно планирање, со 44 %, и Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, со 48 %.

Ниското ниво не мора по секоја цена да значи корупција во јавните набавки на таа институција, туку дека не се преземаат сите можни мерки кои треба да ја спречат, и оттука можноста таа да се случи во овие институции е повисока.

Најдобри перформанси имаат Министерството за одбрана и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со ниво на остварување на антикорупциските перформанси од 72 %. Но и овие институции се со средно ниво на остварување на антикорупциските перформанси.

[1] Секретаријатот за законодавство на Владата на РСМ во 2022 година има спроведено само две постапки за јавни набавки во вкупна вредност од 477.963 денари. Со оглед на малиот број на тендери, се оцени дека нивното рангирање не би било соодветно.

Ниту едно министерство нема остварување на антикорупциските перформанси над 80 % за да влезе во зелената зона со високо ниво.




Министерствата кои се најдоа на дното од рангирањето според нивото на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки ги немаат сите потребни внатрешни процедури, имаат слабости во планирањето на набавките, имаат недоволна конкуренција на тендерите, имаат висок удел на постапки во коишто учествува по само една фирма, често ги поништуваат тендерите, не ги објавуваат навреме известувањата за склучен договор, имаат натпросечно висок удел на жалби во однос на вкупниот број на огласи итн.

**Повеќе од половина од вредноста на јавните набавки на Владата и министерствата се трошат од оние кои имаат ниско ниво на антикорупциски перформанси во јавните набавки. Четирите министерства што во рангирањето имаат ниско ниво склучиле договори за јавни набавки во вредност од 93 милиони евра во една година, наспроти министерствата и секретаријатите кои имаат средно ниво на остварување на антикорупциските перформанси и потрошиле 71 милион евра.**

Владата, министерствата и секретаријатите, во текот на 2022 година, спровеле вкупно 1.263 постапки за јавни набавки, преку коишто склучиле 1.381 договор за јавна набавка. Вредноста на набавките им изнесува 10 милијарди денари, односно 164 милиони евра. Иако во црвената зона со ниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки беа 4 од вкупно 19 владини институции, сепак, вредносно, овие четири министерства трошат повеќе од половина од парите (57 %).

Поконкретно, министерствата за образование и наука, за внатрешни работи, за животна средина и просторно планирање и за политички систем и односи меѓу заедниците во 2022 година склучиле 363 договори во вредност од 5,7 милијарди денари, односно 93 милиони евра. Останатите владини институции имаат склучено 1.018 договори за јавни набавки во вредност од 4,4 милијарди денари, односно 71 милион евра.

**Вредност на јавните набавки според нивото на остварување на антикорупциските перформанси во 2022 година (во милиони евра)**




Како што може да се види од следниот табеларен приказ, на врвот според вредноста на договорите е Министерството за внатрешни работи, со 216 склучени договори во вредност од 4,4 милијарди денари, односно 68 милиони евра. На второ место е Министерството за одбрана, кое иако не е во црвената зона и е во најдобрите, сепак има голем простор за подобрување.

**Број и вредност на склучените договори на министерствата во 2022 година***

| Институција | Број на склучени договори | Вредност на договорите во денари | Вредност на договорите во евра |
|---|---|---|---|
| Министерство за внатрешни работи | 216 | 4.192.782.093 | 68.175.319 |
| Министерство за одбрана | 356 | 1.242.850.087 | 20.208.945 |
| Министерство за здравство | 65 | 1.227.332.058 | 19.956.619 |
| Министерство за образование и наука | 71 | 1.006.663.888 | 16.368.519 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 54 | 488.037.869 | 7.935.575 |
| Генерален секретаријат на Владата на РСМ | 36 | 484.853.451 | 7.883.796 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 78 | 303.081.707 | 4.928.158 |
| Министерство за транспорт и врски | 74 | 268.565.606 | 4.366.920 |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 30 | 244.628.910 | 3.977.706 |
| Служба за општи и заеднички работи | 91 | 196.093.086 | 3.188.505 |
| Министерство за финансии | 84 | 162.127.408 | 2.636.218 |
| Министерство за надворешни работи | 61 | 86.846.407 | 1.412.137 |
| Министерство за правда | 35 | 42.259.162 | 687.141 |
| Министерство за труд и социјална политика | 40 | 42.132.739 | 685.085 |
| Министерство за економија | 26 | 38.337.166 | 623.369 |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 22 | 33.304.247 | 541.532 |
| Секретаријат за европски прашања | 16 | 26.592.002 | 432.390 |
| Министерство за култура | 16 | 18.377.666 | 298.824 |
| Министерство за локална самоуправа | 10 | 2.458.304 | 39.972 |

* редоследот е направен според големината на вредноста на јавните набавки

Важноста од приказот на вредноста на јавните набавки на ниво на институции произлегува оттаму што одговорноста за подобрување на антикорупциските перформанси во спроведувањето на јавните набавки треба да биде поголема како што расте вредноста на договорите за јавни набавки. Со право треба да се очекува поголемите институции да ги користат своите ресурси во функција на подобрување на кадровските и институционалните капацитети за спроведување на јавните набавки.

**Во Генералниот секретаријат на Владата, едно лице ангажирано за јавни набавки спроведува само 3 постапки годишно, а во Министерството за внатрешни работи – тринаесет пати повеќе, односно дури 39 постапки. Освен во МВР, недоволен кадар од областа на јавните набавки е воочен и во министерствата за транспорт и врски, за животна средина и просторно планирање и за правда.**

На почетокот на листата на 32-та индикатори за оценка на остварувањето на антикорупциските перформанси се оние што се однесуваат на проценка на кадровските капацитети на институциите за спроведување на јавните набавки. Проценката е направена преку бројот на лица кои во институцијата вршат работи од областа на јавните набавки, колку од нив имаат важечка потврда за положен испит за јавни набавки и преку пресметка на бројот на тендери што ги спроведува едно лице.

Најголем број вработени, и тоа сите со положен испит, има Министерството за одбрана, со 22 лица, следен, со 8 лица, е Генералниот секретаријат на Владата, потоа Службата за општи и заеднички работи (СОЗР), со 7 лица,

а по нив министерствата за финансии и за образование и наука, со по 6 лица. Ист број вработени кои вршат работи од областа на јавните набавки имаат Министерството на внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за здравство, и тоа по 5. Притоа, значајно е да се има предвид дека вредноста на јавните набавки во МВР изнесува 4,2 милијарди денари (68 милиони евра), а на МНР дури 48 пати помалку, односно околу 87 милиони денари (1,4 милиони евра). Оваа состојба секако упатува на отсуство на какви било стандарди за бројот на вработени во владините институции во зависност од обемот на јавните набавки.

Во однос на индикаторот за бројот на постапките за јавни набавки што ги спроведува едно лице, позитивно се оценети институциите доколку во неа се спроведуваат под 24 постапки годишно по лице. Како што може да се види од следниот приказ, во Генералниот секретаријат на Владата едно лице ангажирано за јавни набавки спроведува само 3 постапки, а во Министерството за внатрешни работи – дури 39 постапки годишно. Освен во МВР, недоволен број на кадри од областа на јавните набавки е воочен и во министерствата за транспорт и врски, за животна средина и просторно планирање и за правда.

**Број на постапки што ги спроведува едно лице**




* податоците се добиени во 2023 година

Кај сите институции е констатирано дека членовите на комисиите за јавни набавки се менуваат, што е позитивно оценето.

**Само Министерство за локална самоуправа има мал процент на измени на планот и висок процент на негова реализација. Но оваа состојба, која му е овозможена поради малиот обем на набавки, не е воочена кај другите министерства. Најголеми измени на плановите имало Министерство за политички систем и односи, а најнизок процент на реализација Министерството за финансии, со 29 %.**

Во сегментот на планирање на јавните набавки, позитивно се оценува доколку планот за јавни набавки бил предмет на промена помалку од 10 %, а процентот на реализација бил над 95 %. Средно ниво на исполнување на овие индикатори е ако планот се менувал од 10 до 30 %, а планот за јавни набавки се реализирал од 75 до 95 %.

**Промена и реализација на плановите за јавни набавки***

| Институција | Промена на Планот за ЈН | Реализација на Планот за ЈН |
|---|---|---|
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 39 % | 88 % |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 22 % | 64 % |
| Генерален секретаријат на Владата на РСМ | 21 % | 44 % |
| Министерство за финансии | 21 % | 71 % |
| Министерство за култура | 18 % | 76 % |
| Министерство за труд и социјална политика | 18 % | 55 % |
| Министерство за внатрешни работи | 17 % | 51 % |
| Министерство за образование и наука | 17 % | 39 % |
| Министерство за здравство | 16 % | 39 % |
| Министерство за одбрана | 15 % | 69 % |
| Министерство за транспорт и врски | 13 % | 60 % |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 11 % | 53 % |
| Министерство за правда | 11 % | 55 % |
| Министерство за надворешни работи | 9 % | 70 % |
| Министерство за локална самоуправа | 8 % | 100 % |
| Служба за општи и заеднички работи | 6 % | 69 % |
| Министерство за економија | 6 % | 60 % |
| Секретаријат за европски прашања | 5 % | 72 % |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 2 % | 47 % |

* податоците се однесуваат на 2022 година

Во однос на воспоставувањето систем за следење на реализацијата на плановите за јавни набавки, три министерства се изјаснија дека немаат таков систем, и тоа министерствата за животна средина и просторно планирање, за локална самоуправа и за образование и наука.

Само 7 од 19-те владини институции доследно го почитуваат Законот за јавни набавки и изработуваат образложение на потребата од набавката. Нешто подобра е состојбата во однос на внатрешните правила за пресметка на проценетата вредност, кои ги имаат 11 од 19-те институции. Исто толку институции имаат и внатрешни правила во однос на изготвувањето на техничките спецификации.

**Доминантен дел од министерствата се држат до законски предвидените рокови за доставување понуди, кои се релативно куси и предизвикувачки за помалите фирми. Во однос на електронската аукција, нејзината висока примена (во над 80 % од тендерите) е воочена кај дури 6 министерства.**

Во процесот на спроведувањето на тендерите, анализирани се и перформансите на институциите во однос на роковите што се предвидени за прибирање на понудите (тие треба да бидат подолги од законски минималните), како и нивото на примена на електронската аукција (е-аукцијата). Потребата од подолги рокови за доставување понуди произлегува од интенцијата да се поттикне поголема конкуренција и на фирмите да им се овозможи подолг период за подготовка на понудите. Во однос, пак, на е-аукцијата, нејзината висока примена се оценува негативно затоа што преку неа се овозможува коруптивно договарање помеѓу фирмите, кое предизвикува сериозни проблеми во сферата на јавните набавки преку поделба на пазарот и подигнување на цените на нереално високо ниво.

Анализата на перформансите на институциите покажува дека дури 11 од анализираните 19 институции поставуваат рокови што се на ниво на законскиот минимум, што во однос на најчесто користените постапки значи 7 дена за „набавките од мала вредност“ и 15 дена за „поедноставена отворена постапка“. На листата на институции што се држат до законски минималните рокови се Генералниот секретаријат на Владата, СЕП и министерствата за внатрешни работи, за економија, за здравство, за информатичко општество и администрација, за култура, за локална самоуправа, за политички систем и односи меѓу заедниците, за правда и за труд и социјална политика.

Во однос, пак, на е-аукцијата, нејзината висока примена во над 80 % од тендерите е воочена кај дури 6 министерства, и тоа за внатрешни работи, за животна средина и просторно планирање, за култура, за образование и наука, за труд и социјална политика и транспорт и врски, како и од страна на СОЗР.

**Просечниот број понуди по тендер на Владата и министерствата е помал од националниот просек. Најнизок број понуди имало Министерството за финансии, и тоа само 1,89 понудувачи по тендер, а највисок Министерството за култура, со 4,13 понуди по тендер.**

Во процесот на спроведување на постапките се земени предвид низа индикатори, кои во најголем дел отсликуваат каква била конкуренцијата во постапките за јавни набавки. Прв во низата индикатори е просечниот број на понудувачи.

Пресметката на бројот на понудувачи на сите договори за јавни набавки склучени од страна на институциите во текот на 2022 година покажува дека просечниот број понуди по тендер на владините институции изнесува 2,91 понудувач и е помал од националниот просек, што изнесува 3,01.

Како што може да се види од следниот графички приказ, најнизок број понуди имало Министерството за финансии, и тоа само 1,89 понудувачи по тендер, а највисок Министерството за култура, со 4,13 понуди по тендер. Гледано од аспект на антикорупциските перформанси, позитивно се оценети институциите кои имаат просечен број понудувачи повисок од 3,01 по понуда, и обратно.

Просечен број понудувачи на тендерите




**Министерствата за финансии, за информатичко општество и администрација, за политички систем и односи меѓу заедниците, за труд и социјална политика и за внатрешни работи, како и Службата за општи и заеднички работи, имаат најлоши перформанси во однос на уделот на тендерите во коишто е добиена по една понуда, и од аспект на бројот на такви тендери и од аспект на нивниот вредносен удел.**

Со оглед на тоа што едно од основните начела врз коишто се темелат јавните набавки е конкуренцијата помеѓу економските оператори (фирмите), во рангирањето се вклучени и други индикатори што се однесуваат на ова важно начело.

Станува збор за пресметка на бројот на тендерите во коишто институцијата добила по само една понуда, како и на вредносниот удел на тие тендери во вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки. Позитивно се оценува ако институцијата има удел на тендерите со една понуда до 10 % и ако вредносниот удел на тендерите во кои има само една понуда изнесува под 38 %, колку што изнесува националниот просек во државата за 2022 година.

Во однос на овие индикатори, Министерството за финансии има најлоши перформанси, со тоа што има добиено по 1 понуда во постапките врз основа на кои се склучени 55 % од договорите во 2022 година. Имено, ова министерство има склучено вкупно 84 договори за јавни набавки, и од нив 46 договори се постигнати во постапки во кои учествувал по само еден понудувач. Вредноста на овие договори изнесува 1,4 милиони евра и има удел од 54 % во вкупната вредност на набавките во 2022 година.

Како што може да се види од следниот табеларен приказ, следува Министерството за информатичко општество и администрација, каде што уделот на договори склучени во постапки во коишто е добиена по само една понуда изнесува 47 %. Притоа, од вкупно склучените 30 договори, по една понуда е добиена во постапки врз основа на коишто се склучени 14 договори. Вредносно, овие договори изнесуваат 3,8 милиони евра и имаат удел од 97 %. Исклучително лоши перформанси во однос на овие два индикатори имаат и Службата за општи и заеднички работи, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи.

Единствено Министерството за локална самоуправа нема тендери во кои имало по само еден понудувач. Сепак, станува збор за договорен орган кој во оваа група има најмал број спроведени постапки (17), како и склучени договори (10), во вредност од нецели 40 илјади евра.

**Тендерите со една понуда во вкупно спроведените тендери**

| Институција | Процент на тендери со една понуда | Вредносен удел на тендерите со една понуда |
|---|---|---|
| Министерство за финансии | 55 % | 54 % |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 47 % | 97 % |
| Служба за општи и заеднички работи | 47 % | 42 % |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 41 % | 43 % |
| Министерство за труд и социјална политика | 40 % | 45 % |
| Министерство за внатрешни работи | 38 % | 48 % |
| Министерство за образование и наука | 37 % | 22 % |
| Министерство за надворешни работи | 36 % | 54 % |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 31 % | 20 % |
| Секретаријат за европски прашања | 31 % | 13 % |
| Министерство за економија | 31 % | 11 % |
| Генерален секретаријат на Владата на РСМ | 31 % | 7 % |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 29 % | 31 % |
| Министерство за правда | 29 % | 22 % |
| Министерство за здравство | 26 % | 32 % |
| Министерство за одбрана | 22 % | 6 % |
| Министерство за транспорт и врски | 22 % | 2 % |
| Министерство за култура | 19 % | 17 % |
| Министерство за локална самоуправа | 0 % | 0 % |

**Во 8 министерства е воочена висока концентрација на една фирма во вкупната вредност на јавните набавки, која е над 30 %.**

Во рангирањето на институциите се следи и нивото на доминација од само една фирма во вкупно вклучените договори за јавни набавки. Притоа, во бодувањето не се користат апсолутните износи, туку уделот што една фирма го има во вкупната вредност на склучените договори. Негативна е концентрацијата на една фирма со удел над 30 %. Како што може да се види од следниот табеларен приказ, најголем удел на една фирма во вкупната вредност на договорите за јавни набавки има во Владата на РСМ – Генерален секретаријат. Станува збор за 2 договори склучени со Друштвото за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, за набавка на софтверски лиценци за виртуелна платформа и за набавка на систем за архивирање и заштита на податоци. Во апсолутни износи, најголема доминација е воочена кај Министерството за внатрешни работи, каде што е во прашање еден договор во вредност од 21,1 милион евра. Станува збор за рамковен договор за набавка на

електрична енергија склучен со Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, за период од 36 месеци.

**Концентрација на една фирма во договорите за јавни набавки**

| Институција | Вредност на договорите склучени со 1 фирма (концентрација) во евра | Удел во вкупната вредност на набавките |
|---|---|---|
| Генерален секретаријат на Владата на РСМ | 6.168.557 | 78 % |
| Министерство за економија | 420.661 | 67 % |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 4.068.749 | 51 % |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 1.785.701 | 45 % |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 191.870 | 35 % |
| Министерство за одбрана | 7.148.114 | 35 % |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 1.668.970 | 34 % |
| Министерство за внатрешни работи | 21.105.691 | 31 % |
| Министерство за локална самоуправа | 11.512 | 29 % |
| Секретаријат за европски прашања | 123.212 | 28 % |
| Министерство за образование и наука | 4.654.146 | 28 % |
| Министерство за правда | 191.102 | 28 % |
| Министерство за надворешни работи | 374.146 | 26 % |
| Министерство за труд и социјална политика | 172.683 | 25 % |
| Министерство за транспорт и врски | 1.010.425 | 23 % |
| Министерство за култура | 57.561 | 19 % |
| Министерство за здравство | 3.582.071 | 18 % |
| Министерство за финансии | 345.366 | 13 % |
| Служба за општи и заеднички работи | 385.081 | 12 % |

**Само две министерства немаат висок удел на тендерски постапки кои се поништени, и тоа министерствата за економија и за култура. Највисок удел на поништените постапки во вкупно спроведените постапки имаат МВР и Министерството за одбрана.**

Следниот користен индикатор се однесува на поништувањата на постапките. Како стандард врз основа на којшто се давани оцените е земен просечниот удел на поништени тендери на ниво на земјата, што е 31 % во 2022 година. Како што може да се види од следниот табеларен приказ, максималните 2 бода ги имаат добиени само две министерства, и тоа за економија и за култура. Највисок удел на поништените постапки во вкупно спроведените постапки имаат МВР, Министерството за одбрана, Генералниот секретаријат на Владата, Министерството за финансии, Министерство за здравство и Министерство за локална самоуправа. Останатите владини институции обоени со жолто имаат удел на поништени постапки во вкупно спроведените помеѓу 15,5 % и 31 %.

**Удел на поништените постапки за јавни набавки во 2022 година**

| Институција | Вкупно спроведени постапки | Вкупно поништени постапки | Целосно поништени постапки | Делумно поништени постапки |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за внатрешни работи | 196 | 180 | 102 | 78 |
| Министерство за одбрана | 280 | 174 | 93 | 81 |
| Министерство за финансии | 98 | 34 | 29 | 5 |
| Министерство за транспорт и врски | 95 | 18 | 16 | 2 |
| Министерство за образование и наука | 75 | 18 | 12 | 6 |
| Министерство за правда | 53 | 16 | 15 | 1 |
| Министерство за надворешни работи | 53 | 15 | 10 | 5 |
| Министерство за труд и социјална политика | 46 | 14 | 7 | 7 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 58 | 13 | 12 | 1 |
| Служба за општи и заеднички работи | 82 | 13 | 9 | 4 |
| Министерство за здравство | 31 | 13 | 2 | 11 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 55 | 11 | 8 | 3 |
| Генерален секретаријат на Владата | 24 | 10 | 7 | 3 |
| Министерство за локална самоуправа | 17 | 7 | 6 | 1 |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | 21 | 5 | 5 | 0 |
| Секретаријат за европски прашања | 20 | 5 | 5 | 0 |
| Министерство за економија | 24 | 3 | 3 | 0 |
| Министерство за информатичко општество и администрација | 21 | 3 | 3 | 0 |
| Министерство за култура | 14 | 2 | 1 | 1 |

**Висока примена на нетранспарентната постапка за склучување договори, т.н. преговарање без претходно објавување оглас, имаат Министерство за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација.**

Мерењето на остварувањето на антикорупциските перформанси во јавните набавки го вклучува и индикаторот за користење на нетранспарентната постапка на преговарање без претходно објавување оглас, со тоа што негативно се оценува ако институцијата има удел на овој вид договори поголем од 10 %.

Како што може да се види од следниот графички приказ, највисок удел на склучени договори преку нетранспарентната постапка има Министерство за образование и наука, со склучени договори во вредност од 3,2 милиони евра и удел од 19,62 %. Висок удел на овој вид договори има и Министерството за информатичко општество и администрација, и тоа од 10,68 %, што е резултат на склучени договори во вредност од 425 илјади евра.




**Во сегментот на правна заштита натпросечно висок број жалби имаат Владата и поголем дел од министерствата.**

Во однос на правната заштита во јавните набавки, земени се два значајни индикатори, и тоа во врска со бројот на жалби доставени од Државната комисија за жалби по јавни набавки од страна на фирмите учеснички во тендерите и во врска со тоа колку од доставените жалби се усвоени. Во процесот на мерење, користени се релативни податоци, односно уделот на жалби во однос на вкупниот број тендери и уделот на уважени жалби во вкупниот број жалби. Позитивно се цени ако уделот на жалби во однос на вкупниот број тендери е под националниот просек од 3,27 %, а во однос на усвоените жалби, доколку нивниот удел е под националниот просек од 40,30 %.

Во текот на 2022 година, ниту една жалба за нивните тендери не добиле министерствата за економија, за култура и за локална самоуправа.

Од друга страна, натпросечно висок удел на жалби во однос на спроведените постапки имаат Владата, СЕП и 12 министерства. Највисоки удели имаат Министерство за внатрешни работи (20 %) и Министерството за здравство (17 %) и СЕП (15 %).

Гледано во апсолутни износи, најголем број жалби, што може да се види и од графичкиот приказ, имаат добиено министерствата за внатрешни работи и за одбрана.

Гледано од аспект на прифатените жалби, најголем удел, од дури 22 %, има Министерство за внатрешни работи. Вкупно 7 од мониторираните институции имаат негативна оценка во однос на овој параметар.

**Број на доставени и број на прифатени жалби од страна на ДКЖЈН**




**Склучените договори за јавни набавки најчесто ги менувало Министерството за образование и наука. Во однос на анекс-договорите со кои се зголемува вредноста на основниот договор, најголеми промени се воочени кај Министерството за транспорт и врски.**

Во фазата на реализација на склучените договори за јавни набавки вклучени се три значајни индикатори, и тоа:

- бројот на измени на склучените договори, односно анекс-договорите по сите основи – вредност, рок или други услови и нивниот удел во вкупно склучените договори;
- вкупната вредност на зголемувањата на основните договори преку анекс-договорите и уделот што зголемената вредност ја има во вкупната вредност и
- дали институцијата има воспоставен систем за следење на реализацијата на склучените договори.

Во однос на индикаторот за вкупниот број измени на склучените договори (анекс-договорите) и нивниот удел во вкупно склучените договори, користен е националниот просек од 5,15 %, со тоа што институциите кои имале помал број на измени се позитивно оценети и обратно. Во однос на овој индикатор, мерењата покажуваат дека седум институции ги менувале веќе склучените договори почесто отколку што изнесува националниот просек. Притоа, најголем број измени во 2022 година имало Министерството за образование и наука, кое ги сменило договорите дури 38 пати, односно сменило 51,11 % од склучените договори. Доколку се навлезе во анализа на причините, произлегува дека кај 18 договори причината била да се смени времетраењето, во 17 анекс-договори причината е промена на вредноста, а во преостанатите 3 се јавуваат некои други причини. На второ место според висината на овој индикатор е Министерство за животна средина и просторно планирање, кое во 2022 година направило 10 измени на веќе склучените договори, што е 18,52 %. Потоа следува Министерството за транспорт и врски, со 9 измени на склучените договори, што е удел од 12,16,%, а на четврто место е Министерството за одбрана, кое има склучено дури 40 анекс-договори со што има удел на изменети во однос на вкупно склучени договори од 11,24,%.

**Измени на склучените договори (анекс-договори)**




Притоа, Секретаријат за европски прашања, како и 4 министерства (за економија, за култура, за локална самоуправа, за труд и социјална политика) воопшто и немаат склучено анекс-договори.

Во однос на анекс-договорите со кои се зголемува вредноста на основниот договор, се оценува дека е негативно ако институцијата преку анекс-договори направила измени во вредноста на основните договори поголема од 3.60 % од вкупната вредност во јавните набавки, што е просек на ниво на државата.

Како што може да се види од следниот графички приказ, според овој индикатор во 2022 година негативно е оценето само Министерството за здравство, кое со анексирање ги има зголемено основните договори за јавни набавки во вредност од 65 милиони денари, односно над 1 милион евра, што е удел во вкупната вредност на набавките од 5,29 %.

Следно според вредноста и уделот е Министерството за образование и наука, кое ги има анексирано своите договори во вредност од 29 милиони денари, односно 470 илјади евра. Уделот на Министерството за образование изнесува 2.88 % и е под законскиот просек.

Позитивно оценети затоа што се под националниот просек се и сите други институции кои се дадени во следниот графички приказ. Дополнително, значајно е да се нагласи дека Секретаријат за европски прашања, како и 5 министерства (за економија, за земјоделство, шумарство и водостопанство, за култура, за локална самоуправа, за труд и социјална политика) воопшто и немаат склучено анекс-договори за измена на вредноста на основните договори.

**Вредносен удел на изменети договори за зголемување на вредноста на основниот договор**




Во индикаторите за оценка на антикорупциските перформанси се ценеше и дали институциите имаат воспоставен систем за следење на реализацијата на склучените договори. Од добиените одговори од институциите се оцени дека, од 19 владини институции, ваков систем немаат три министерства, и тоа за животна средина и просторно планирање, за локална самоуправа и за образование и наука.

**Транспарентноста во јавните набавки сè уште не е на потребното ниво. Слабости се воочени и во однос на навременоста во објавувањето на информациите на Електронскиот систем за јавни набавки, како и во однос на објавувањето на информациите на веб-страниците на институциите.**

Транспарентноста во однос на информациите за јавните набавки, како особено значајна во антикорупцијата, се мереше низ шест индикатори, од кои дел се однесуваа на почитување на законските рокови во однос на објавувањето на информациите на Електронскиот систем за јавни набавки, а дел на објавување на релевантните информации и документи на веб-страниците на самите институции. Значајно е да се нагласи дека анализата на објавените податоци е правена во периодот октомври и ноември 2023 година и дека е можно дел од институциите да ги објавиле документите што недостигаат, но тоа сепак не е направено навреме.

Во однос на објавувањето на информациите на ЕСЈН, како индикатори се користеа доследното почитување на обврската за објавување известување за склучен договор, квартални евиденции и известувањата за реализираните договори.

Во однос на објавување на известувањата за склучен договор во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот, позитивно се оценети оние институции коишто овој рок го почитувале во над 90 % од склучените договори. Воочено е дека оваа обврска ја почитувале доследно само пет институции, и тоа министерствата за економија, за здравство, за земјоделие, шумарство и водостопанство, за транспорт и врски и СОЗР.

Во однос на квартални евиденции, навременост во објавувањето на сите 4 евиденции е воочена кај само три министерства, и тоа за култура, за земјоделство, шумарство и водостопанство и за труд и социјална политика.

Во однос на известувањата за реализиран договор за коишто пресметките се направени по завршување на 2023 година, произлегува дека 12 владини институции ја почитувале обврската и доставиле до ЕСЈН известување за над 80 % од договорите, а наспроти тоа, 7 не доставиле во тој обем.

Во однос на информациите и документите што треба да се објават на веб-страниците на институциите, тоа се годишните планови за јавни набавки и неговите измени и дополнувања, потоа огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор, договорите и анексите. Како што може да се види, 13 министерства доследно ги почитуваат овие обврски. Нетранспарентност во однос на релевантни информации за јавните набавки, целосна или делумна, има кај министерствата за правда, за култура, за економија, за надворешни работи и за образование и наука, како и кај СОЗР на Владата.

**Објавување информации на веб-страниците на институциите**

| Институција | Дали ги објавува на веб-страница годишниот план за јавни набавки и неговите измени? | Дали институцијата ги објавува на својата веб-страница огласите за јавни набавки? | Дали ги објавува на веб-страница известување за склучен договор, договорите и анексите? |
|---|---|---|---|
| Министерство за правда | не | не | да |
| Министерство за култура | не | не | не |
| СОЗР | не | не | не |
| Министерство за економија | да | не | не |
| Министерство за надворешни работи | да | не | не |
| Министерство за образование и наука | да | не | не |
| Министерство за внатрешни работи | да | да | да |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | да | да | да |
| Министерство за здравство | да | да | да |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | да | да | да |
| Министерство за информатичко општество и администрација | да | да | да |
| Министерство за локална самоуправа | да | да | да |
| Министерство за одбрана | да | да | да |
| Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците | да | да | да |
| Министерство за труд и социјална политика | да | да | да |
| Министерство за финансии | да | да | да |
| Министерство за транспорт и врски | да | да | да |
| Секретаријат за европски прашања | да | да | да |
| Генерален секретаријат на Владата на РСМ | да | да | да |

# АНАЛИЗА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ

**Ниту една општина не ги спроведува јавните набавки со високо ниво на заштита од корупција. Поголем дел од општините, односно 43 од нив, како и Градот Скопје, се со ниско ниво на антикорупциски перформанси во јавните набавки и просечно исполнуваат само 49 % од можните 100 %. На дното, со 31 % остварување на перформансите, се општините Кратово и Гостивар, а на врвот, со 70 %, е Општина Кавадарци.**

Рангирањето на општините е направено врз основа на 32 индикатори, кои овозможуваат објективна и мерлива проценка на институционалните и оперативните капацитети на институциите во сите фази од јавните набавки, односно во пред-тендерската, тендерската и пост-тендерската фаза.

Индикаторите што се користени за рангирањето на општините се идентични со оние на министерствата, што е логично ако се има предвид дека пред Законот за јавни набавки сите ги имаат истите обврски.

Прибраните податоци за сите 32 индикатори и нивната обработка покажуваат дека 43 единици на локалната самоуправа имаат ниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки, односно до 50 %, додека 38 се со средно ниво, односно остварување од 50–80 %.

**Рангирање на единиците на локалната самоуправа според антикорупциските перформанси во јавните набавки**




Слабите резултати на општините во однос на остварувањето на антикорупциските перформанси во јавните набавки се последица на тоа што поголем дел од општините се соочуваат со несоодветни кадровски капацитети во спроведувањето на јавните набавки, потоа со недостиг од соодветни политики и процедури кои треба да придонесат кон подобрување на институционалните капацитет за спроведување на јавните набавки, слабости во планирање на набавките, висока концентрација на една фирма во јавните набавки, висока примена на е-аукцијата, чести поништувања на постапките, анексирање на веќе склучените договори итн.

Сите единици на локалната самоуправа (ЕЛС) во остварувањето на антикорупциските перформанси се движат во маргините помеѓу 31 % и 70 %, што укажува на послаби резултати во однос на министерствата.

Најниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки е утврдена кај Кратово и Гостивар, со само 31 %. Во црвената зона е и Градот Скопје (со 42 %), како и 14 општини чии јавни набавки ја надминуваат годишната вредност од 1 милион евра.

Ниското ниво не мора по секоја цена да значи корупција во јавните набавки на таа институција, туку сугерира дека не се преземаат сите можни мерки кои треба да ја спречат, и оттука можноста таа да се случи во овие институции е повисока.

Најдобри перформанси според остварувањата на антикорупциските перформанси во јавните набавки има Општина Кавадарци, со 70 %, по што следуваат општините Велес и Пробиштип, со 66 % ниво на остварување на антикорупциските перформанси. Но, и овие општини се со средно ниво на остварување на антикорупциските перформаси.

Ниту една општина нема остварување на антикорупциските перформанси над 80 % за да влезе во зелената зона со високо ниво.

**Ранг-листа на остварувањето на антикорупциските перформанси во јавните набавки на ЕЛС**




Теарце 45 %
Желино 45 %
Свети Николе 45 %
Куманово 45 %
Сопиште 47 %
Крушево 47 %
Дебрца 47 %
Струга 47 %
Радовиш 47 %
Чашка 48 %
Старо Нагоричане 48 %
Пехчево 48 %
Дојран 48 %
Битола 48 %
Центар 50 %
Тетово 50 %
Кисела Вода 50 %
Илинден 50 %
Зрновци 50 %
Ѓорче Петров 50 %
Дебар 50 %
Чаир 52 %
Бутел 52 %
Виница 53 %
Чешиново-Облешево 53 %
Прилеп 53 %
Демир Капија 53 %
Василево 53 %
Брвеница 53 %
Маврово и Ростуше 55 %
Конче 55 %
Градско 55 %
Карпош 56 %
Карбинци 56 %
Гази Баба 56 %
Ранковце 56 %
Македонски Брод 56 %
Кривогаштани 56 %
Валандово 56 %
Македонска Каменица 58 %
Кочани 58 %
Берово 58 %
Центар Жупа 60 %
Могила 60 %
Делчево 60 %




**Според рангирањата на ЕЛС, произлегува дека во црвената зона, односно со пониско ниво на антикорупциска заштита, се спроведени тендери со поголема вредност отколку вредноста на тендерите на општините со средно ниво на заштита од корупција. Поконкретно, вредноста на јавните набавки на општините со ниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси во јавните набавки изнесува 66 милиони евра, додека, пак, на општините со средно ниво вредноста на тендерите изнесувала 53 милиони евра.**

Општините и Градот Скопје во текот на 2022 година спровеле вкупно 3.875 постапки за јавни набавки, преку коишто склучиле 3.511 договори за јавна набавка. Вредноста на набавките им изнесува 73 милијарди денари, односно 119 милиони евра. Притоа, како што може да се види од следниот графички приказ, поголема е вредноста на договорите за јавни набавки склучени од страна на институциите коишто ѝ припаѓаат на групата со ниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси.

**Вредност на јавните набавки според нивото на остварување на антикорупциските перформанси (во милиони евра)**




Гледано поединечно, Градот Скопје има најголема вредност на јавните набавки од дури 15 милиони евра, а е во групата со ниско ниво на остварување на антикорупциските перформанси од само 42 %. Со висока вредност на јавните набавки, а во групата со ниско остварување се и општините Битола, Штип, Куманово и Гостивар.

Како што може да се види од табеларниот приказ, во црвената зона се дури 14 локални власти чија вредност на јавните набавки е поголема од 1 милиони евра. Притоа, значајно е да се нагласи дека општините Кисела Вода, Центар, Тетово се во средно ниво, но со само 50 % остварување. Со повисоко ниво на остварување на антикорупциските перформанси, а воедно и повисока вредност на јавните набавки, се издвојуваат Кавадарци и Струмица.

**Број и вредност на склучените договори во 2022 година***

| Единици на локалната самоуправа | Број на договори | Вредност на договори во ден. | Вредност на договори во евра |
|---|---|---|---|
| Град Скопје | 109 | 934.678.519 | 15.198.025 |
| Битола | 220 | 446.506.169 | 7.260.263 |
| Кисела Вода | 48 | 384.542.040 | 6.252.716 |
| Струмица | 70 | 336.185.798 | 5.466.436 |
| Штип | 89 | 296.738.987 | 4.825.024 |
| Кавадарци | 145 | 276.029.857 | 4.488.290 |
| Центар | 66 | 275.030.403 | 4.472.039 |
| Куманово | 99 | 258.398.354 | 4.201.599 |
| Гостивар | 38 | 246.740.955 | 4.012.048 |
| Гази Баба | 64 | 210.261.487 | 3.418.886 |
| Кичево | 38 | 197.913.501 | 3.218.106 |
| Аеродром | 69 | 189.985.491 | 3.089.195 |
| Петровец | 49 | 178.083.492 | 2.895.667 |
| Охрид | 90 | 146.570.961 | 2.383.268 |
| Тетово | 47 | 136.468.205 | 2.218.995 |
| Велес | 146 | 131.292.511 | 2.134.838 |
| Гевгелија | 37 | 126.546.146 | 2.057.661 |
| Ѓорче Петров | 52 | 119.477.103 | 1.942.717 |
| Прилеп | 53 | 114.075.875 | 1.854.892 |
| Струга | 51 | 112.622.104 | 1.831.254 |
| Чаир | 40 | 111.296.026 | 1.809.691 |
| Карпош | 99 | 91.254.022 | 1.483.805 |
| Кочани | 86 | 85.232.792 | 1.385.899 |
| Карбинци | 33 | 83.309.344 | 1.354.623 |
| Долнени | 72 | 82.126.021 | 1.335.382 |
| Неготино | 50 | 80.057.908 | 1.301.755 |
| Радовиш | 49 | 77.437.055 | 1.259.139 |
| Крива Паланка | 65 | 71.024.528 | 1.154.870 |
| Илинден | 34 | 69.099.942 | 1.123.576 |
| Бутел | 56 | 62.138.349 | 1.010.380 |
| Свети Николе | 63 | 60.072.631 | 976.791 |
| Македонска Каменица | 38 | 56.550.241 | 919.516 |
| Пробиштип | 34 | 54.835.453 | 891.633 |
| Боговиње | 20 | 50.245.703 | 817.003 |
| Делчево | 37 | 48.068.774 | 781.606 |
| Брвеница | 27 | 47.459.655 | 771.702 |
| Сарај | 22 | 46.491.906 | 755.966 |
| Студеничани | 10 | 45.896.139 | 746.279 |
| Новаци | 72 | 45.417.746 | 738.500 |
| Валандово | 35 | 41.845.981 | 680.422 |
| Македонски Брод | 23 | 38.768.868 | 630.388 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Росоман | 19 | 38.352.550 | 623.619 |
| Чашка | 29 | 36.815.248 | 598.622 |
| Сопиште | 37 | 34.226.318 | 556.525 |
| Јегуновце | 30 | 33.317.382 | 541.746 |
| Липково | 26 | 33.027.039 | 537.025 |
| Дојран | 17 | 33.009.543 | 536.741 |
| Виница | 27 | 32.422.928 | 527.202 |
| Маврово и Ростуше | 31 | 31.935.514 | 519.277 |
| Берово | 42 | 31.365.686 | 510.011 |
| Чучер Сандево | 19 | 30.774.458 | 500.398 |
| Дебар | 40 | 30.080.526 | 489.114 |
| Ресен | 57 | 29.910.241 | 486.345 |
| Василево | 20 | 28.362.212 | 461.174 |
| Желино | 17 | 27.432.971 | 446.065 |
| Богданци | 37 | 26.212.510 | 426.220 |
| Конче | 24 | 24.944.609 | 405.603 |
| Ново Село | 27 | 24.539.576 | 399.017 |
| Босилово | 41 | 23.639.676 | 384.385 |
| Теарце | 35 | 23.174.045 | 376.814 |
| Крушево | 26 | 21.658.675 | 352.174 |
| Могила | 27 | 20.587.934 | 334.763 |
| Кратово | 22 | 20.421.060 | 332.050 |
| Врапчиште | 9 | 20.299.000 | 330.065 |
| Дебрца | 27 | 17.695.165 | 287.726 |
| Кривогаштани | 22 | 17.631.236 | 286.687 |
| Арачиново | 4 | 16.520.000 | 268.618 |
| Чешиново-Облешево | 22 | 16.515.539 | 268.545 |
| Пласница | 11 | 15.876.124 | 258.148 |
| Градско | 29 | 15.728.515 | 255.748 |
| Зрновци | 20 | 13.961.757 | 227.020 |
| Пехчево | 17 | 13.613.844 | 221.363 |
| Демир Капија | 22 | 11.748.979 | 191.040 |
| Демир Хисар | 17 | 11.719.537 | 190.562 |
| Ранковце | 22 | 7.991.891 | 129.949 |
| Зелениково | 12 | 7.965.583 | 129.522 |
| Старо Нагоричане | 22 | 7.953.686 | 129.328 |
| Шуто Оризари | 9 | 7.831.559 | 127.342 |
| Центар Жупа | 15 | 6.954.996 | 113.089 |
| Лозово | 11 | 3.260.592 | 53.018 |
| Вевчани | 25 | 3.103.884 | 50.470 |

* редоследот е направен според големината на вредноста на јавните набавки

**Дури 12 општини немаат ниту еден вработен со положен испит за лице за јавни набавки, што е во спротивност со Законот за јавни набавки. Воочени се и големи разлики во оптоварувањата на вработените кои вршат работи од областа на јавните набавки. Па така, во Општина Берово еден вработен спроведува 66 тендери годишно, а во Лозово и Арачиново по само 2 тендери.**

На почетокот на листата на 32-та индикатори за оценка на остварувањето на антикорупциските перформанси се оние кои се однесуваат на оценка колку лица во институцијата кои вршат работи од областа на јавните набавки имаат важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки и на пресметка за бројот на тендери што ги спроведува едно лице.

Најголем број вработени кои вршат работи од областа на јавните набавки има Град Скопје, со 13 вработени, од кои 10 имаат положен испит. Следуваат општините Чашка, со 8, и Охрид, со 7 вработени.

Според податоците обезбедени во текот на последниот квартал од 2023 година, дури 12 општини немаат ниту едно лице со положен испит за лице за јавни набавки, што е во спротивност со Законот за јавни набавки.

Во однос на индикаторот за бројот на постапките за јавни набавки што ги спроведува едно лице ангажирано во областа на јавните набавки (со или без положен испит за јавни набавки), бодовите во однос на овој индикатор ги добива институцијата доколку во неа се спроведуваат под 24 постапки годишно по лице.

**Број на постапки што ги спроведува едно лице**

| Институција | Број на тендери по лице |
|---|---|
| Берово | 66 |
| Крива Паланка | 58 |
| Новаци | 56 |
| Босилово | 49 |
| Битола | 47 |
| Кочани | 47 |
| Куманово | 46 |
| Карбинци | 45 |
| Петровец | 45 |
| Богданци | 44 |
| Валандово | 43 |
| Илинден | 42 |
| Велес | 41 |
| Делчево | 40 |
| Јегуновце | 39 |
| Долнени | 38 |
| Дебар | 33 |
| Могила | 33 |
| Дебрца | 32 |
| Конче | 32 |
| Македонска Каменица | 32 |

| Институција | Број на тендери по лице |
|---|---|
| Кисела Вода | 22 |
| Сопиште | 22 |
| Прилеп | 21 |
| Аеродром | 20 |
| Маврово и Ростуше | 20 |
| Ранковце | 19 |
| Центар | 19 |
| Врапчиште | 18 |
| Ѓорче Петров | 18 |
| Пробиштип | 18 |
| Чаир | 17 |
| Кривогаштани | 17 |
| Гази Баба | 17 |
| Струмица | 17 |
| Охрид | 16 |
| Бутел | 15 |
| Ресен | 15 |
| Виница | 14 |
| Центар Жупа | 13 |
| Крушево | 13 |
| Радовиш | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Липково | 31 | Зрновци | 12 |
| Чучер Сандево | 31 | Демир Хисар | 11 |
| Ново Село | 30 | Демир Капија | 10 |
| Пехчево | 29 | Струга | 10 |
| Росоман | 29 | Шуто Оризари | 10 |
| Гостивар | 29 | Теарце | 10 |
| Брвеница | 28 | Град Скопје | 9 |
| Гевгелија | 28 | Сарај | 9 |
| Карпош | 28 | Неготино | 8 |
| Штип | 26 | Кичево | 8 |
| Вевчани | 26 | Градско | 7 |
| Василево | 25 | Желино | 6 |
| Кратово | 25 | Студеничани | 6 |
| Боговиње | 24 | Дојран | 6 |
| Старо Нагоричане | 24 | Чашка | 4 |
| Тетово | 23 | Зелениково | 3 |
| Кавадарци | 23 | Пласница | 3 |
| Свети Николе | 23 | Арачиново | 2 |
| Македонски Брод | 22 | Лозово | 2 |
| Чешиново-Облешево | 22 | | |

Како што може да се види од претходниот табеларен приказ, произлегува дека во 34 општини едно лице спроведува од 25 до дури 66 постапки за јавни набавки. Се разбира дека онаму каде што лицата мора да спроведуваат голем број постапки речиси е невозможно да се преземат сите неопходни мерки што треба да овозможат превенција од корупција и доследно почитување на принципите на јавните набавки. Од друга страна, со право се очекува дека во општините каде што вработените кои вршат работи од областа на јавните набавки спроведуваат само неколку набавки годишно, тие имаат и други работни задолженија, покрај оние за јавните набавки.

**Одредени општини ги менуваат плановите за јавни набавки и до 98 %. Просечно гледано на ниво на сите ЕЛС, плановите се менувани за 28 %, а процентот на реализација на плановите за јавни набавки просечно изнесува 68 %.**

Во сегментот на планирање на јавните набавки, позитивно се оценува доколку планот за јавни набавки бил предмет на промена помалку од 10 %, а процентот на реализација бил над 95 %. Средно ниво на исполнување на овие индикатори е ако планот се менувал од 10 до 30%, а планот за јавни набавки се реализирал од 75 до 95%.

Како што може да се види од следниот табеларен приказ, плановите за јавни набавки се менувани во рамки од 2 % до 98 %. Високиот процент на измени на плановите за јавни набавки говори и за недоволно познавање на Правилникот за формата, содржината, како и за начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки, донесен од Министерството за финансии. Според Правилникот, содржината на годишниот план за јавни набавки не треба да се менува при промена на проценетата вредност, при промена на видот на планираната постапка за доделување договор за јавна набавка или при промена на очекуваниот почеток на постапката. Анализата покажува дека општините ги менувале плановите и кога немало основ за такво постапување.

Во однос, пак, на процентот на реализацијата, таа се движела во рамки од 19 % до 100 %. Притоа, целосна реализација на планот или, пак, висок процент на реализација е воочен кај општините Петровец, Центар Жупа,

Делчево, Ранковце и Боговиње, но тој е проследен со висок процент на промена на плановите за јавни набавки. Така што, во однос на планирањето, се чини дека најдобри резултати има Општина Кавадарци, каде што процентот на измени на планот е 28 % (средно ниво), а процентот на реализација – високи 95 %.

**Промена и реализација на плановите за јавни набавки**

| Институција | Промена на Планот за ЈН | Реализација на Планот за ЈН | Институција | Промена на Планот за ЈН | Реализација на Планот за ЈН |
|---|---|---|---|---|---|
| Сопиште | 98 % | 82 % | Кривогаштани | 23 % | 62 % |
| Брвеница | 68 % | 79 % | Крушево | 23 % | 62 % |
| Зелениково | 68 % | 67 % | Демир Хисар | 22 % | 44 % |
| Чучер Сандево | 68 % | 92 % | Бутел | 22 % | 50 % |
| Јегуновце | 66 % | 91% | Велес | 22 % | 49 % |
| Петровец | 65 % | 100 % | Струмица | 21 % | 61 % |
| Шуто Оризари | 64 % | 71 % | Маврово и Ростуше | 20 % | 59 % |
| Теарце | 60 % | 61 % | Битола | 20 % | 55 % |
| Желино | 57 % | 86 % | Берово | 20 % | 45 % |
| Тетово | 47 % | 94 % | Струга | 19 % | 68 % |
| Валандово | 45 % | 72 % | Центар | 19 % | 68 % |
| Свети Николе | 45 % | 92 % | Гази Баба | 18 % | 50 % |
| Росоман | 44 % | 69 % | Долнени | 17 % | 64 % |
| Вевчани | 44 % | 69 % | Гевгелија | 17 % | 59 % |
| Центар Жупа | 42 % | 100 % | Охрид | 17 % | 67 % |
| Конче | 42 % | 92 % | Врапчиште | 17 % | 86 % |
| Делчево | 40 % | 97 % | Чашка | 16 % | 45 % |
| Куманово | 39 % | 70 % | Кисела Вода | 16 % | 74 % |
| Старо Нагоричане | 37 % | 53 % | Карбинци | 15 % | 71 % |
| Богданци | 36 % | 85 % | Македонски Брод | 15 % | 42 % |
| Зрновци | 36 % | 77 % | Аеродром | 14 % | 78 % |
| Ранковце | 35 % | 100 % | Пробиштип | 14 % | 59 % |
| Градско | 34 % | 79 % | Кичево | 13 % | 52 % |
| Босилово | 34 % | 88 % | Дебрца | 13 % | 51 % |
| Град Скопје | 33 % | 42 % | Пласница | 13 % | 65 % |
| Боговиње | 33 % | 100 % | Сарај | 13 % | 58 % |
| Штип | 32 % | 67 % | Чаир | 13 % | 64 % |
| Крива Паланка | 31 % | 87 % | Лозово | 12 % | 34 % |
| Дебар | 30 % | 84 % | Пехчево | 11 % | 66 % |
| Неготино | 29 % | 67 % | Липково | 10 % | 42 % |
| Кратово | 29 % | 81 % | Карпош | 10 % | 79 % |
| Кавадарци | 28 % | 95 % | Илинден | 10 % | 84 % |
| Кочани | 28 % | 67 % | Виница | 9 % | 52 % |
| Новаци | 27 % | 73 % | Ресен | 9 % | 80 % |
| Гостивар | 27 % | 54 % | Ѓорче Петров | 8 % | 62 % |
| Демир Капија | 26 % | 74 % | М. Каменица | 7 % | 56 % |
| Студеничани | 26 % | 73 % | Ч.-Облешево | 6 % | 56 % |

| | | |
|---|---|---|
| Радовиш | 24 % | 35 % |
| Дојран | 24 % | 75 % |
| Ново Село | 24 % | 73 % |
| Василево | 24 % | 53 % |

| | | |
|---|---|---|
| Могила | 4 % | 37 % |
| Прилеп | 2 % | 62 % |
| Арачиново | 2 % | 19 % |

Во однос на воспоставувањето систем за следење на реализацијата на плановите за јавни набавки, само 20 општини се изјаснија дека имаат воспоставено таков систем.

Во сегментот на подготовка на тендерите, значајни се и индикаторите дали во институцијата се изработува образложение на потребата од набавката кое треба да биде дел од Одлуката за јавна набавка, потоа дали институцијата има внатрешни правила за пресметка на проценетата вредност, како и внатрешни правила во однос на изготвувањето на техничките спецификации за предметите на набавка.

Анализата покажува дека само три општини (Пробиштип, Струмица и Карбинци) доследно го почитуваат Законот за јавни набавки (член 77 став 3) и изработуваат образложение на потребата од набавката.

Само Градот Скопје и девет општини (Кавадарци, Карпош, Карбинци, Велес, Македонски Брод, Охрид, Пробиштип, Струга и Центар) имаат внатрешни правила за пресметка на проценетата вредност.

Дванаесет општини (Кавадарци, Карпош, Карбинци, Кривогаштани, Берово, Валандово, Велес, Македонска Каменица, Охрид, Пробиштип, Сарај и Чаир ) имаат внатрешни правила во однос на изготвувањето на техничките спецификации.

**Само 13 општини при објавата на огласите за тендерите поставуваат подолги рокови за прибирање понуди од законски пропишаните минимални рокови. Во однос, пак, на примената на електронската аукција, таа и натаму е доминантна во општинските тендери.**

Во процесот на спроведување на тендерите, анализирани се и перформансите на институциите во однос на објавување на огласите во разумен рок (подолги од законските минимални), како и нивото на примена на електронската аукција (е-аукција).

Анализата покажува дека само општините Берово, Аеродром, Битола, Брвеница, Демир Капија, Кочани, Македонски Брод, Новаци, Охрид, Ранковце, Ресен, Старо Нагоричане и Тетово поставуваат подолги рокови од законски пропишаните. Подолгите рокови за доставување понуди (за малите набавки подолги од 7 дена, за за поедноставена отворена постапка подолг рок од 15 дена) имаат за цел да овозможат поголема конкуренција, со тоа што на фирмите ќе им дадат повеќе време за подготовка на понудите.

Во однос, пак, на примената на е-аукцијата, само 16 општини ја користат во постапки чиј удел е помал од 80 %. Притоа, 15 општини е-аукцијата ја користеле за сите спроведени постапки за јавни набавки. Станува збор за општините Прилеп, Кратово, Сопиште, Маврово и Ростуше, Арачиново, Зелениково, Зрновци, Карбинци, Липково, Пласница, Старо Нагоричане, Центар Жупа, Чашка, Чешиново-Облешево и Чучер Сандево. Оваа состојба говори за зголемување на ризиците од корупција преку договарање на исходот од е-аукцијата, како и овозможување на договарањето помеѓу фирмите учеснички на тендерите за исходот од тендерската постапка.

**Просечниот број на понуди по тендер на општините изнесува 3.22 понудувачи по тендер и е поголем од националниот просек, што изнесува 3.01. Најмал број понуди е воочен во помалите општини.**

Поголем дел од општините, односно 49 од нив и Градот Скопје, се позитивно оценети во однос на овој индикатор бидејќи имаат повисок број на просечни понуди по тендер од националниот просек. Под просекот во однос на добиените понуди се 31 општина.

Како што може да се види од следниот графички приказ, најнизок број понуди имаат општините Долнени, со 1,26, и Центар Жупа, со 1,73 понуди по тендер. Највисок број понуди, пак, имаат Штип, со 5,21, и Студеничани, со 4,90.

**Просечен број на понудувачи на тендерите**




Кавадарци
3,19
Илинден
3,20
Зрновци
3,20
Чаир
3,25
Ново Село
3,26
Маврово и Ростуше
3,26
Теарце
3,29
Македонска Каменица
3,32
Гевгелија
3,32
Василево
3,35
Куманово
3,41
Гази Баба
3,44
Тетово
3,51
Петровец
3,52
Ѓорче Петров
3,54
Делчево
3,57
Град Скопје
3,58
Кривогаштани
3,64
Демир Капија
3,64
Велес
3,64
Демир Хисар
3,65
Виница
3,67
Дебар
3,68
Крушево
3,73
Валандово
3,74
Градско
3,76
Струмица
3,79
Конче
3,79
Бутел
3,85
Боговиње
3,85
Свети Николе
3,98
Ранковце
4,00
Пласница
4,00
Дојран
4,00
Македонски Брод
4,17
Росоман
4,21
Сопиште
4,46
Брвеница
4,55
Студеничани
4,90
Штип
5,21

**Општините Центар Жупа, Врапчиште и Долнени имаат најлоши перформанси во однос на уделот на тендерите во коишто е добиена по една понуда. Од поголемите општини, со лоши перформанси во однос на овие индикатори се Прилеп, Битола, Струга, Кавадарци итн.**

Следуваат податоци во однос на индикаторите за бројот на тендери во којшто општината добила по само една понуда, како и вредносниот удел на тие тендери во вкупната вредност на склучените договори за јавни набавки. Еднакво како и кај министерствата, позитивно се оценува ако институцијата има удел на тендери со една понуда до 10 % и ако вредносниот удел на тендерите во кои има само една понуда учествуваат под 38 %, колку што изнесува националниот просек во државата за 2022 година.

Во однос на овие индикатори малите општини имаат најлоши перформанси, односно имаат висок удел на тендерите во коишто е добиена по една понуда, и ако се гледа според бројот на такви тендери и според нивниот вредносен удел.

Во Општина Центар Жупа, од 15 склучени договори за јавни набавки, во дури 12 договори во постапката учествувала по само една фирма, што е удел од 80 %, со исто толку висок удел и од аспект на вредноста (79 %). Во Општина Врапчиште, пак, 6 од 9 договори се склучени врз основа на постапки за јавни набавки во коишто учествувал по еден понудувач.

Од поголемите општини, со лоши перформанси се и Прилеп, Битола, Струга, Кавадарци итн., што може да се види од следниот табеларен приказ.

**Тендерите со една понуда во вкупно спроведените тендери**

| Општина | Процент на тендери со една понуда | Вредносен удел на тендери со една понуда |
|---|---|---|
| Центар Жупа | 80 % | 79 % |
| Врапчиште | 67 % | 80 % |
| Долнени | 65 % | 47 % |
| Чашка | 41 % | 27 % |
| Желино | 41 % | 20 % |
| Прилеп | 40 % | 22 % |
| Дебрца | 37 % | 25 % |
| Чучер Сандево | 37 % | 49 % |
| Босилово | 37 % | 25 % |
| Старо Нагоричане | 36 % | 28 % |
| Кисела Вода | 35 % | 13 % |
| Крива Паланка | 35 % | 19 % |
| Богданци | 35 % | 16 % |
| Битола | 35 % | 35 % |
| Неготино | 34 % | 22 % |
| Аеродром | 33 % | 30 % |
| Зелениково | 33 % | 15 % |
| Струга | 33 % | 24 % |
| Кавадарци | 32 % | 8 % |

| Општина | Процент на тендери со една понуда | Вредносен удел на тендери со една понуда |
|---|---|---|
| Гази Баба | 25 % | 10 % |
| Зрновци | 25 % | 13 % |
| Илинден | 24 % | 4 % |
| Јегуновце | 23 % | 29 % |
| Куманово | 23 % | 20 % |
| Струмица | 23 % | 13 % |
| Ч.-Облешево | 23 % | 20 % |
| Ново Село | 22 % | 6 % |
| Охрид | 22 % | 13 % |
| Сопиште | 22 % | 26 % |
| Бутел | 21 % | 44 % |
| М. Каменица | 21 % | 45 % |
| Валандово | 20 % | 7 % |
| Дебар | 20 % | 42 % |
| Велес | 20 % | 14 % |
| Крушево | 19 % | 13 % |
| Брвеница | 19 % | 16 % |
| Могила | 19 % | 17 % |
| Град Скопје | 18 % | 13 % |

| | | |
|---|---|---|
| Пробиштип | 32 % | 10 % |
| Кратово | 32 % | 21 % |
| Кичево | 32 % | 13 % |
| Берово | 31 % | 12 % |
| Липково | 31 % | 20 % |
| Боговиње | 30 % | 11 % |
| Студеничани | 30 % | 20 % |
| Гевгелија | 30 % | 24 % |
| Карпош | 29 % | 28 % |
| Гостивар | 29 % | 32 % |
| Радовиш | 29 % | 12 % |
| Тетово | 28 % | 24 % |
| Чаир | 28 % | 36 % |
| Сарај | 27 % | 29 % |
| Делчево | 27 % | 12 % |
| Кочани | 27 % | 14 % |
| Петровец | 27 % | 21 % |
| Новаци | 26 % | 15 % |
| Росоман | 26 % | 10 % |
| Маврово и Ростуше | 26 % | 39 % |
| Центар | 26 % | 15 % |
| Арачиново | 25 % | 11 % |
| Демир Капија | 18 % | 8 % |
| Карбинци | 18 % | 11 % |
| Лозово | 18 % | 19 % |
| Ранковце | 18 % | 11 % |
| Демир Хисар | 18 % | 6 % |
| Македонски Брод | 17 % | 8 % |
| Теарце | 17 % | 5 % |
| Конче | 17 % | 4 % |
| Вевчани | 16 % | 11 % |
| Свети Николе | 16 % | 7 % |
| Ѓорче Петров | 15 % | 8 % |
| Градско | 14 % | 21 % |
| Штип | 12 % | 4 % |
| Ресен | 12 % | 11 % |
| Дојран | 12 % | 8 % |
| Пехчево | 12 % | 3 % |
| Виница | 11 % | 7 % |
| Шуто Оризари | 11 % | 3 % |
| Василево | 10 % | 3 % |
| Кривогаштани | 9 % | 28 % |
| Пласница | 9 % | 1 % |

**Концентрацијата на една фирма во јавните набавки со удел над 30 %, покрај кај помалите општини (Арачиново, Шуто Оризари и Врапчиште), е воочена и кај поголемите, како што се Штип, Кавадарци, Струмица, Кичево и Кисела Вода.**

Во рангирањето на институции се следи и нивото на доминација од само една фирма во вкупно вклучените договори за јавни набавки. Притоа, во бодувањето не се користат апсолутните износи, туку уделот што една фирма го има во вкупната вредност на склучените договори.

Негативна е концентрацијата на една фирма со удел над 30 %. Како што може да се види од следниот табеларен приказ, најголем удел на една фирма во вкупната вредност на договорите за јавни набавки имаат помалите општини, Арачиново, Шуто Оризари и Врапчиште. Доколку се фокусираме врз поголемите општини, со висока концентрација и во однос на вредноста и во однос на уделот се издвојуваат Штип, Кавадарци, Струмица, Кичево и Кисела Вода.

### Концентрација на една фирма во договорите за јавни набавки

| Општина | Вредност на договорите склучени со 1 фирма (во евра) | Удел во вкупната вредност на набавките |
|---|---|---|
| Арачиново | 189.951 | 71 % |
| Шуто Оризари | 97.561 | 65 % |
| Врапчиште | 191.870 | 58 % |
| Ново Село | 219.662 | 56 % |
| Росоман | 341.564 | 55 % |
| Василево | 249.631 | 54 % |
| Штип | 2.546.889 | 53 % |
| Демир Хисар | 97.561 | 51 % |
| Боговиње | 415.634 | 51 % |
| Кавадарци | 2.215.233 | 50 % |
| Дојран | 246.709 | 48 % |
| Зелениково | 61.463 | 48 % |
| Зрновци | 101.633 | 45 % |
| Сарај | 335.772 | 44 % |
| Желино | 181.179 | 41 % |
| Кривогаштани | 114.019 | 40 % |
| Свети Николе | 375.190 | 40 % |
| Крушево | 132.241 | 40 % |
| Македонски Брод | 244.588 | 39 % |
| М. Каменица | 356.905 | 39 % |
| Пласница | 99.985 | 39 % |
| Струмица | 1.986.179 | 37 % |
| Илинден | 405.691 | 36 % |
| Кичево | 1.102.076 | 35 % |
| Ранковце | 43.902 | 34 % |
| Кисела Вода | 2.349.778 | 34 % |
| Дебрца | 95.935 | 33 % |
| Липково | 177.903 | 33 % |
| Студеничани | 244.246 | 33 % |
| Пробиштип | 290.165 | 33 % |
| Босилово | 120.554 | 31 % |
| Петровец | 909.833 | 31 % |
| Теарце | 115.122 | 31 % |
| Старо Нагоричане | 39.161 | 30 % |
| Неготино | 431.598 | 30 % |
| Куманово | 1.230.328 | 30 % |
| Маврово и Р. | 151.653 | 30 % |
| Кратово | 97.561 | 30 % |
| Ресен | 142.601 | 29 % |
| Сопиште | 161.751 | 29 % |
| Чешиново- Облеш. | 76.748 | 29 % |

| Општина | Вредност на договорите склучени со 1 фирма (во евра) | Удел во вкупната вредност на набавките |
|---|---|---|
| Новаци | 206.483 | 28 % |
| Јегуновце | 151.577 | 28 % |
| Вевчани | 13.706 | 27 % |
| Чучер Сандево | 135.053 | 27 % |
| Виница | 140.990 | 27 % |
| Пехчево | 57.561 | 26 % |
| Валандово | 172.683 | 25 % |
| Делчево | 197.626 | 25 % |
| Лозово | 12.990 | 25 % |
| Струга | 448.780 | 25 % |
| Конче | 97.374 | 24 % |
| Бутел | 240.684 | 24 % |
| Ѓорче Петров | 450.402 | 23 % |
| Прилеп | 416.581 | 23 % |
| Град Скопје | 3.252.033 | 22 % |
| Гевгелија | 436.716 | 22 % |
| Чаир | 389.496 | 22 % |
| Чашка | 124.334 | 21 % |
| Центар | 869.692 | 21 % |
| Богданци | 87.567 | 21 % |
| Радовиш | 255.024 | 20 % |
| Берово | 99.120 | 20 % |
| Аеродром | 588.619 | 19 % |
| Тетово | 423.309 | 19 % |
| Могила | 61.906 | 19 % |
| Гази Баба | 622.071 | 18 % |
| Долнени | 230.244 | 17 % |
| Кочани | 201.226 | 17 % |
| Крива Паланка | 191.870 | 17 % |
| Карбинци | 219.641 | 16 % |
| Битола | 1.127.762 | 16 % |
| Градско | 41.123 | 16 % |
| Велес | 301.463 | 15 % |
| Центар Жупа | 17.073 | 15 % |
| Гостивар | 597.561 | 15 % |
| Дебар | 66.643 | 14 % |
| Демир Капија | 25.390 | 13 % |
| Охрид | 301.738 | 13 % |
| Карпош | 157.651 | 11 % |
| Брвеница | 81.301 | 11 % |

**Општина Битола е рекордер со 50 % поништени постапки. Негативни оценки во однос на овој индикатор имаат вкупно 22 општини.**

Следниот користен индикатор се однесува на поништувањата на постапките. Како стандард врз основа на којшто се давани оцените е земен просечниот удел на поништени тендери на ниво на земјата, што е 31 % во 2022 година. Како што може да се види од следниот табеларен приказ, максималните 2 бода ги имаат добиено само 17 општини, по 1 бод имаат добиено 42 општини, бидејќи уделот на поништените тендери им е помеѓу 16 % и 31 %. Високи удели на поништени тендери имаат 22 општини. На врвот е Општина Битола, која во 2022 година има поништено 112 постапки, од кои 88 се целосно поништени, а 24 делумно. Со висок процент од дури 50 % поништени постапки е и Општина Крива Паланка, која има поништено 57 тендери, од кои 56 целосно, а во еден тендер само дел.

**Удел на поништените постапки за јавни набавки во 2022 година**

| Институција | Број на тендери по лице |
|---|---|
| Битола | 50 % |
| Крива Паланка | 50 % |
| Пехчево | 48 % |
| Теарце | 48 % |
| Кратово | 40 % |
| Град Скопје | 39 % |
| Врапчиште | 39 % |
| Чаир | 38 % |
| Куманово | 38 % |
| Кривогаштани | 38 % |
| Гевгелија | 38 % |
| Гостивар | 37 % |
| Босилово | 37 % |
| Охрид | 36 % |
| Демир Капија | 35 % |
| Долнени | 34 % |
| Радовиш | 33 % |
| Маврово и Ростуше | 33 % |
| Чашка | 32 % |
| Чучер Сандево | 32 % |
| Аеродром | 32 % |
| Кичево | 32 % |
| Берово | 31 % |
| Ресен | 30 % |
| Старо Нагоричане | 29 % |
| Штип | 29 % |
| Карбинци | 29 % |
| Крушево | 28 % |
| Прилеп | 27 % |
| Богданци | 27 % |
| Велес | 26 % |
| Ранковце | 26 % |

| Институција | Број на тендери по лице |
|---|---|
| Центар Жупа | 23 % |
| Чешиново-Облешево | 23 % |
| Свети Николе | 22 % |
| Илинден | 21 % |
| Гази Баба | 21 % |
| Росоман | 21 % |
| Бутел | 20 % |
| Арачиново | 20 % |
| Струга | 20 % |
| Дебрца | 19 % |
| Кочани | 18 % |
| Дебар | 18 % |
| Струмица | 18 % |
| Кавадарци | 18 % |
| Пробиштип | 17 % |
| Тетово | 17 % |
| Ѓорче Петров | 17 % |
| Лозово | 17 % |
| Ново Село | 17 % |
| Сарај | 17 % |
| Карпош | 16 % |
| Неготино | 16 % |
| Македонска Каменица | 16 % |
| Јегуновце | 15 % |
| Демир Хисар | 15 % |
| Брвеница | 14 % |
| Сопиште | 14 % |
| Македонски Брод | 14 % |
| Зрновци | 13 % |
| Боговиње | 13 % |
| Дојран | 12 % |
| Виница | 11 % |

| | |
|---|---|
| Центар | 26 % |
| Липково | 26 % |
| Зелениково | 25 % |
| Конче | 25 % |
| Могила | 24 % |
| Василево | 24 % |
| Валандово | 23 % |
| Новаци | 23 % |
| Кисела Вода | 23 % |

| | |
|---|---|
| Желино | 11 % |
| Градско | 10 % |
| Пласница | 9 % |
| Вевчани | 8 % |
| Студеничани | 8 % |
| Делчево | 8 % |
| Петровец | 4 % |
| Шуто Оризари | 0 % |

**Примената на нетранспарентната постапка на преговарање без претходно објавување оглас кај општините е исклучок.**

Мерењето на остварувањето на антикорупциските перформанси во јавните набавки го вклучува и индикаторот за користење на нетранспарентната постапка на преговарање без претходно објавување оглас, со тоа што негативно се оценува ако институцијата има удел на овој вид договори поголем од 10 %. Анализата на податоците им овозможи на дури 80 ЕЛС да бидат позитивно оценети, а само една, и тоа Арачиново, е оценета негативно бидејќи има склучено договор со оваа нетранспарентна постапка во вредност од околу 75.000 евра, што е удел од високи 28 % во вкупната вредност на договорите за јавна набавка на општината.

**Во една третина од општините жалбите во однос на тендерите се повисоки од националниот просек. Во однос на овие параметри со најлоши перформанси е Градот Скопје.**

Во сегментот на правната заштита, земени се два значајни индикатори, и тоа во врска со бројот на жалби доставени од Државната комисија за жалби по јавни набавки од страна на фирмите учеснички во тендерите и во врска со тоа колку од доставените жалби се усвоени. Во процесот на мерење користени се релативни податоци, односно уделот на жалби во однос на вкупниот број на тендери и уделот на уважени жалби во вкупниот број жалби. Позитивно се цени ако уделот на жалби во однос на вкупниот број на тендери е под националниот просек од 3,27 %, а во однос на усвоените жалби, доколку нивниот удел е под националниот просек од 40,30 %.

Анализата покажува дека дури 41 општина не добила ниту една жалба во текот на 2022 година. Потоа, 13 општини (16 % од општините) имаат добиено жалби, но нивниот удел во вкупно спроведените постапки е под националниот просек. Во третата група се општините каде што жалбите заземаат значен удел (33 %).

**Доставени жалби до ДКЖЈН**



Највисок број жалби чии удели го надминале и националниот просек е воочен во Град Скопје, каде што во текот на 2022 година, при спроведувањето на 122 постапки за јавни набавки, биле доставени 23 жалби (18,85 %). Од доставените жалби прифатени се 10, односно 43 %.

Во групата општини со висок удел на добиени жалби но и нивно усвојување, се издвојуваат и Општина Аеродром (13 добиени жалби, од кои ДКЖЈН прифатила 6), потоа Општина Битола (12 добиени жалби, од кои ДКЖЈН прифатила 5), Општина Крива Паланка (8 добиени жалби, од кои ДКЖЈН прифатила 4), Општина Центар (6 добиени жалби, од кои ДКЖЈН прифатила 3), Општина Велес (5 добиени жалби, од кои ДКЖЈН прифатила 3) и Општина Гостивар (5 добиени жалби, од кои ДКЖЈН прифатила 3).

Број на доставени и број на прифатени жалби од страна на ДКЖЈН




**Доминантен дел од општините (51) ги менувале склучените договори за јавни набавки. Притоа, 15 општини имаат натпросечно висок удел на вредноста на анексираните договори за јавни набавки и тие се негативно оценети.**

Во фазата на реализација на склучените договори за јавни набавки, како и кај министерствата, вклучени се три значајни индикатори, и тоа:

- бројот на измени на склучените договори, односно анекс-договорите по сите основи – вредност, рок или други услови и нивниот удел во вкупно склучените договори;
- вкупната вредност на зголемувањата на основните договори преку анекс-договорите и уделот што зголемената вредност ја има во вкупната вредност и
- дали институцијата има воспоставен систем за следење на реализацијата на склучените договори.

Во однос на индикаторот за вкупниот број измени на склучените договори (анекс-договори) и нивниот удел во вкупно склучените договори, користен е националниот просек од 5,15 %, со тоа што институциите кои имале помал број на измени се позитивно оценети и обратно. Во однос на овој индикатор, мерењата покажуваат дека седум институции почесто ги менувале веќе склучените договори отколку што изнесува националниот просек.

Доминантен дел од општините (51) ги менувале склучените договори за јавни набавки, и тоа од 2 % до 49 %. Како што може да се види од следниот графички приказ, најголем број на анексирања на договорите за јавни набавки склучени во 2022 година има Општина Богданци со 49 %, по неа следуваат Пласница (36 %) и Куманово (33 %). Ниту една измена на веќе склучените договори не направиле 21 општина.

**Измени на склучените договори (анекс-договори)**






Во однос на анекс-договорите со кои се зголемува вредноста на основниот договор, се оценува дека е негативно ако институцијата преку анекс-договорите направила измени во вредноста на основните договори поголема од 3.60 % од вкупната вредност во јавните набавки, што е просек на ниво на државата.

Како што може да се види од следниот графички приказ, 15 општини имаат натпросечно висок удел на вредноста на анексираните договори за јавни набавки и тие се негативно оценети, додека 37 општини имаат анекс-договори со кои е менувана вредноста на договорите, но нивниот удел е под националниот просек од 3.60 % и тие не се негативно оценети. Се разбира, позитивно се оценети и 29 општини кои во текот на 2022 година немале анекс-договори со коишто ја менувале вредноста на веќе склучените договори за јавни набавки.

**Вредносен удел на изменети договори за зголемување на вредноста на основниот договор**






Во индикаторите за оценка на антикорупциските перформанси, како и кај министерствата, се ценеше и дали општините имаат воспоставен систем за следење на реализацијата на склучените договори. Од добиени одговори од институциите се оцени дека поголем дел од општините, односно 37 од нив, немаат таков систем, додека пак 34 имаат.

**Во однос на транспарентноста, дел од општините не ги почитуваат роковите од 10 дена за доставување на известувањата за склучените договори за јавни набавки на електронскиот систем за јавни набавки. Општините покажуваат релативно добри резултати во однос на информациите што ги објавуваат на своите веб-страници.**

Транспарентноста во однос на информациите за јавните набавки се мереше низ шест индикатори, од кои некои се однесуваа на почитување на законските рокови во однос на објавувањето на информациите на Електронскиот систем за јавни набавки, а некои на објавување на релевантните информации и документи на веб-страниците на самите институции. Значајно е да се нагласи дека анализата на објавените податоци е правена во периодот октомври и ноември 2023 година и дека е можно дел од општините да ги објавиле документите што недостигаат, но тоа сепак не е направено навреме.

Во однос на објавувањето на информациите на ЕСЈН, како индикатори се користеа доследно почитување на обврската за објавување на известувањето за склучен договор, кварталните евиденции и известувањата за реализираните договори.

Во однос на објавувањето на известувањата за склучен договор во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот, позитивно се оценети оние институции коишто овој рок го почитувале во над 90 % од склучените договори. Воочено е дека оваа обврска ја почитувале доследно само пет општини, и тоа Аеродром, Гази Баба, Кавадарци, Кочани и Новаци.

Во однос на кварталните евиденции, навременост во објавувањето на сите 4 евиденции е воочена кај 32 општини.

Во однос на известувањата за реализиран договор за којшто пресметките се направени по завршување на 2023 година, произлегува дека 77 општини ја почитувале обврската и доставиле до ЕСЈН известување за над 80 % од договорите, а наспроти тоа 7 не доставиле во тој обем.

Доминантен дел од општините, и тоа 57 од нив, ги објавуваат сите релевантни информации за јавни набавки на своите веб-страници, и тоа годишните планови за јавни набавки и неговите измени и дополнувања, потоа огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор, договорите и анексите. Понатаму, 15 општини објавуваат дел од информациите, а 9 општини целосно ги игнорираат своите обврски во однос на транспарентноста. Детален приказ на објавувањето на овие информации е даден во следниот табеларен приказ.

**Објавување информации на веб-страниците на институциите**

| Општина | Дали ги објавува на веб-страница годишниот план за јавни набавки и неговите измени? | Дали институцијата ги објавува на својата веб-страница огласите за јавни набавки? | Дали ги објавува на веб-страница известување за склучен договор, договорите и анексите? |
|---|---|---|---|
| Аеродром | не | не | Не |
| Арачиново | да | не | да |
| Берово | да | да | да |
| Битола | да | да | да |
| Богданци | да | да | не |
| Боговиње | не | не | не |
| Босилово | да | да | да |
| Брвеница | да | не | да |
| Бутел | да | да | делумно |
| Валандово | да | да | да |
| Василево | да | да | да |
| Вевчани | не | не | делумно |
| Велес | да | да | да |
| Виница | да | да | да |
| Врапчиште | да | не | не |
| Гази Баба | да | да | да |
| Гевгелија | да | да | да |
| Гостивар | да | да | да |
| Град Скопје | не | не | не |
| Градско | да | да | да |
| Дебар | да | да | да |
| Дебрца | да | да | да |
| Делчево | да | да | да |
| Демир Капија | да | да | да |
| Демир Хисар | да | да | да |
| Дојран | да | не | не |
| Долнени | не | не | не |
| Ѓорче Петров | да | да | да |
| Желино | да | да | да |
| Зелениково | не | не | не |
| Зрновци | да | да | да |
| Илинден | да | да | да |

| Општина | Дали ги објавува на веб-страница годишниот план за јавни набавки и неговите измени? | Дали институцијата ги објавува на својата веб-страница огласите за јавни набавки? | Дали ги објавува на веб-страница известување за склучен договор, договорите и анексите? |
|---|---|---|---|
| Јегуновце | не | да | да |
| Кавадарци | да | да | да |
| Карбинци | да | да | да |
| Карпош | да | да | да |
| Кисела Вода | да | да | да |
| Кичево | да | да | да |
| Конче | да | да | да |
| Кочани | да | да | да |
| Кратово | не | не | не |
| Крива Паланка | да | да | да |
| Кривогаштани | да | да | да |
| Крушево | да | да | да |
| Куманово | да | да | да |
| Липково | да | да | да |
| Лозово | да | да | да |
| Маврово и Ростуше | да | да | да |
| М. Каменица | да | да | да |
| Македонски Брод | да | да | да |
| Могила | да | да | да |
| Неготино | да | да | да |
| Новаци | да | да | да |
| Ново Село | да | да | да |
| Охрид | да | да | да |
| Петровец | да | да | да |
| Пехчево | да | да | да |
| Пласница | да | не | не |
| Прилеп | да | да | да |
| Пробиштип | да | да | да |
| Радовиш | да | да | да |
| Ранковце | да | да | да |
| Ресен | да | не | не |
| Росоман | да | да | да |
| Сарај | да | да | да |

| Општина | Дали ги објавува на веб-страница годишниот план за јавни набавки и неговите измени? | Дали институцијата ги објавува на својата веб-страница огласите за јавни набавки? | Дали ги објавува на веб-страница известување за склучен договор, договорите и анексите? |
|---|---|---|---|
| Свети Николе | да | да | да |
| Сопиште | не | не | не |
| Старо Нагоричане | да | не | не |
| Струга | да | не | не |
| Струмица | да | да | да |
| Студеничани | не | не | не |
| Теарце | да | да | да |
| Тетово | да | да | да |
| Центар | да | да | да |
| Центар Жупа | да | да | да |
| Чаир | не | да | да |
| Чашка | да | да | да |
| Чешиново-Облешево | не | да | да |
| Чучер Сандево | Да | не | не |
| Штип | Да | да | да |
| Шуто Оризари | Не | не | не |

# СПИСОК НА ИНДИКАТОРИ ЗА ОЦЕНКА НА АНТИКОРУПЦИСКИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

1. Број на постапки за јавни набавки што ги спроведува едно лице годишно.
2. Процент на лица за јавни набавки со важечка потврда за положен испит за лице за јавни набавки.
3. Дали членовите на комисиите за јавни набавки се менуваат за секоја набавка или остануваат исти?
4. Дали се изработува образложение на потребата од јавната набавка?
5. Дали институцијата има внатрешни правила врз чија основа ја пресметува проценетата вредност на набавките?
6. Дали институцијата има внатрешни правила за изработка на техничка спецификација?
7. Дали институцијата спроведува технички дијалог?
8. Дали институцијата ги објавува на својата веб-страница годишниот план за јавни набавки и неговите измени и дополнувања?
9. Процент на реализација на планот за јавни набавки.
10. Процент на промена на годишниот план за јавни набавки.
11. Дали во институцијата постои систем за следење на реализација на планот и каков е тој систем?
12. Дали институцијата ги објавува на својата веб-страница огласите за јавни набавки?
13. Процент на определени разумни рокови за поднесување понуда.
14. Удел на постапки во којшто е предвидено спроведување електронска аукција.
15. Користење дискриминаторски елементи во тендерските документации.
16. Процент на деливи набавки.
17. Дали институцијата ги доставува бараните документи за одделни тендери како одговор на барање за пристап до информациите од јавен карактер во законскиот рок?
18. Просечен број понуди на тендерите на институцијата.
19. Удел на тендери со една понуда.
20. Вредност на договорите на тендерите со една понуда.
21. Највисок процент на вредносно учество на договорите за јавни набавки склучени со една фирма.

22. Процент на поништени постапки за јавни набавки на институцијата.

23. Удел на вредноста на склучените договори преку постапката со преговарање без објавување оглас во вкупната вредност на договорите.

24. Удел на вредноста на склучените анекс-договори во однос на вкупната вредност на договорите.

25. Исполнување на обврската за објавување на известување за склучен договор на ЕСЈН.

26. Дали институцијата ја почитува обврската за објавување на квартална евиденција на ЕСЈН во законските рокови?

27. Дали институцијата објавува известувања за реализиран договор на ЕСЈН?

28. Дали институцијата ги објавува известувањата за склучените договори, договорите и евентуалните анекси на својата веб страница?

29. Удел на бројот на изменети договори во вкупниот број на договори.

30. Дали во институцијата е воспоставен систем за следење на реализацијата на склучените договори за јавни набавки и каков е тој систем?

31. Удел на жалби во однос на вкупниот број на огласи.

32. Удел на уважени жалби во вкупниот број жалби.

